Се објавува Програмата на Општина Битола за измена и дополнување на Програмата за култура за 2022 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 29.04.2022 година.

Бр. 08-476/24
04.05.2022 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.04.2022год., донесе

## ПРОГРАМА
## за измена и дополнување на Програмата за култура за 2022 година

### 1. ИЗМЕНИ ДОПОЛНУВАЊА НА ПРОГРАМАТА

Во програмата за Култура за 2022 година се предложени одредени измени и тоа:

**ИФФК „Брака Манаки“** – Интернационален Фестивал на Филмската Камера „Брака Манаки“
Време на реализација: Септември 2022 година
Буџет: 1.000 000 денари и хотелско сместување за фестивалските гости
Сумата се зголемува за 600.000 денари.

**Фестивал на монодрама -** Театарски претстави
Време на реализација: Мај 2022 година
Буџет: 250 000 денари
Сумата се зголемува за 120.000 денари.

**Фестивал на музиката од светот -**
Време на реализација: Ноември 2022 година
Буџет: 150 000 денари
Сумата се зголемува за 50.000 денари.

**Светски ден на џезот** –
Време на реализација: Април 2022 година
Буџет: 100 000 денари
Сумата се намалува за 50.000 денари.

**Џез фабрика фестивал** –
Време на реализација: Јули 2022 година
Буџет: 300 000 денари
Со овај настан дополнително збогатува програмата за култура за 2022 година.

**Битолино** – Интернационален детски театарски фестивал
Време на реализација: Август 2022 година
Буџет: 350 000 денари
Со овај настан дополнително збогатува програмата за култура за 2022 година.

**Чествување на коледе** –
Време на реализација: Јануари 2022 година
Буџет: 150 000 денари
Овај настан не се одржа и затоа се иззема од програмата за култура за 2022 година.

Структурата на поединечните трошоци врз основа на прибирање понуди за соодветни културни настани., во рамките на вкупно предвидениот износ ќе ја предлага Комисија составена од општинската администрација, а истите ќе бидат одобрени од Градоначалникот, Направени се измени кај одредени настани и тоа: кај **ИФФК „Брака Манаки“** сумата се зголемува за 600.000 денари, кај **Фестивал на монодрама** сумата се зголемува за 120.000 денари, **Фестивал на музиката од светот** сумата се зголемува за 50.000 денари, кај **Светски ден на џезот** сумата се намалува за 50.000 денари. Исто така програмата за култура за 2022 година се збогатува со неколку нови настани и тоа: **Џез фабрика фестивал** со 300.000 денари, **Битолино – детски театарски фестивал** со 350.000 денари,согласно пристигнатите барања од страна на организаторите на настаните до Општина Битола.

**Чествување на коледе -** беше предвидено со 150.000 денари, но не се одржа поради ситуацијата со Ковид 19,при што се иззема од програмата.

Програмата влегува во сила наредниот ден по објавување во „Службен гласник на Општина Битола“, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за култура за 2023 година.

Бр.09-82/26 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.04.2022 г. на Советот на Општината
Битола Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола

(„Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за животната средина за 2022 година

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за животната средина за 2022 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 29.04.2022 година.

Бр. 08-476/25 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.05.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.04.2022 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за измена и дополнување на Програмата за животната средина за 2022 година

Во Програмата за животна средина за 2022 година се врши измена и дополнување на истата како и измена во Прегледот на потребните финансиски средства согласно усвоената Програма.

Во поглавието број 1 Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух во делот Ажурирање на Катастар на загадувачи се додава нов став Катастар на загадувачи, предвидените финансиски средства се прераспределуваат и тоа 25.000,00 денари за Ажурирање и 175.000,00 денари Катастар на загадувачи. Горенаведени ставови и предвидените финансиски средства се прикажани во табеларниот приказ;

Во истото поглавје број 1 дел Субвенционирање на домаќинствата за редовно чистење на оџаците во текот на целата година се брише и предвидените финансиски средства се пренасочуваат во Субвенционирање на колективни згради за уредување на дворните места со што предвидените финансиски средства за истата од 700.000,00 денари се зголемуваат на 1.000.000,00 денари. Истите ќе бидат прикажани и во табеларениот приказ.

Се додава ново поглавие број 5 Решавање на проблемот со бездомните и нерегистрирани кучиња- Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на Општина Битола

– нов став – услуги за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Битола за истите во табеларниот приказ - Преглед на потребните финансиски средства, согласно Планирана програма во точка 5 се планираат 400 000 денари

Додека во поглавието број 2 Заштита од отпад

– став 4 Поставување на повратни вендинг машини за рециклирање на пластични шишиња и лименки во рамките на Проектот РРР- редуцирај, рециклирај, реупотреби се бриши, согласно планираните финансиски средства во точка 4 истите се намалуваа, дел од средствата се пренасочуваат во горенаведената Програма за бездомните животни 400.000,00 денари, 100.000,00 денари се додаваат во горенаведениот став Катастар на загадувачи, а останатите 1.500 000, 00 денари се пренасочуваат во други програми.

**Завршни одредби**

Во текот на годината, Годишната Програма може да се менува и дополнува, во зависност од стратегијата и потребите на Општина Битола;

За реализација на оваа Програма е задолжена Комисијата за заштита на човековата средина при Советот на Општина Битола и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола,

Програмата за измена и дополнување на Програмата ќе биде објавена во Службен Гласник на Општина Битола;

Програмата влегува во сила наредниот ден по објавување во „Службен гласник на Општина Битола".

Прилог
- Табеларен приказ на потребните финансиски средства согласно усвоената Програма за заштита на животната средина за 2022 година

Бр.09-82/27 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.04.2022 г. на Советот на Општината
Битола Габриела Илиевска

| | **Програма за животна средина** | **Буџет: 1 500 000,00 денари** |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Зелен Катастар | 500 000 денари |
| 2. | Изработка на ЛЕАП | 400 000 денари |
| 3. | Ажурирање на Кастар на загадувачи | 25.000,00денари |
| 4. | Катастар на загадувачи | 175 000, 00 денари |
| 5. | Услуги за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Битола | 400 000,00 денари |
| | **Субвенции** | **Буџет: 5 000 000,00 денари** |
| 1 | Субвенционирање на набавка на велосипеди | 1 000 000,00 денари |
| 3 | Субвенционирање на енергетска ефикасност | 3 000 000,00 денари |
| 4 | Субвенционирање на колективни згради за уредување на дворните места | 1 000 000,00 денари |
| | **Капитални** | **1 500 000,00 денари** |
| 1 | Набавка на опрема за видео наздор | 1 500 000,00 денари |
| | **Вкупен буџет** | **8 000 000, 00 денари** |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на Општина Битола

Се објавува Програмата за решавање на проблемот со бедомните животни на подрачјето на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 29.04.2022 година.

Бр. 08-476/26 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.05.2022 год. на Општината Битола,
Битола Тони Коњановски

Врз основа на член 26, 27, 28, 29 и член 30 од Законот за заштита на благосостојбата на животните („Службен весник на РМ„ бр. 149/14; 149/15 и 53/16 ), член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.04.2022 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на Општина Битола

Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, е во согласност со членовите 26,27,28,29 и член 30 од Законот за заштита на благосостојбата на животните („Службен весник на РМ„ бр. 149/14; 149/15 и 53/16 ) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

**1.Вовед**

Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните кучиња скитници условите, организацијата и обемот на извршувањето.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

Поточно оваа Програма подразбира заловување и масовна стерилизација / кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија. После стерилизацијата / кастрацијата сите животни се вакцинирани, обележани (ушна маркичка или чип), фотографирани и регистрирани и истите се враќаат на територијата од којашто биле заловени и каде што продолжуваат да живеат.

**2. Основни цели на програмата**

Главна цел на Програмата е контрола над популацијата на бездомните кучиња во Општина Битола, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и ќе се обезбеди спречување на прилив на нови кучиња на улица преку следните мерки:

2.1 Спроведување на стратегијата „залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица;

2.2 Вдомување

2.3 Волонтирање

2.4 Едукација односно казнени мерки[1]

2.5 Казнени мерки за неспроведување на закон за физичко лице

2.6 Казнени мерки за неспроведување на закон за правно лице

1) Предвидени со Законот за благосостојба на животните (Службен весник РСм бр.149/14,149/15, и 53/16) со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашните миленици (забрана за неконтролирано размножување на милениците освен во услови дефинирани со Законот, како и забрана за нивно напуштање) Согласно Закон, за постапување по однос на казнените мерки е надлежна Агенција за храна и ветеринарство

Спроведувањето на оваа Програма воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на напуштени кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што се избегнуваат непристојните и потешките последици за граѓаните и самите животни.

Програмата ќе се одвива во две фази кои се условени од расположлив простор, финансиски можности како и стручна подготвеност.

1. Првата фаза го опфаќа решавањето на проблемот со бездомните кучиња во периодот до изградба на прифатен центар-стационар, со набавка на услуга за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Битола

2. Втората фаза е подготовка за решавање на проблемот со бездомните кучиња после изградбата на регионалниот прифатен центар

Во првата фаза од Програмата Општина Битола ќе спроведи Јавна набавка за услуги за заловување и стручен третман на кучињата скитници и нерегистрираните кучиња на територијата на општината со Прифатилишта одобрени од Агенцијата

**3. Предмет на програмата**

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се преземат во иднина за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња.

Активностите за хумано третирање на бездомни кучиња – скитници на територијата на Општина Битола подразбираат спроведување на стратегијата „залови- стерилизирај-вакцинирај-врати“ на бездомните кучиња и истата вклучува:

– заловување на животните
– нивен транспорт до стационарот
– прием и преглед од овластен ветеринар
– лабараториско испитување на животните на одредени болести
– идентификација и водење евиденција
– овариохистеректомија и орхиектомија

– постоперативно сместување, лекување и нега

– вакцинација и дехелментација

– повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени – еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината, доколку не се вдомат.

**3.1 Вдомување**

Посвојувањето и вдомувањето е најхуман начин за згружување на напуштените кучиња. Сите животни кои се вдомуваат мора да бидат вакцинирани, стерилизирани и да имаат микрочип.

**3.2 Заловување и транспорт**

Изборот на персонал треба да биде соодветен на самата процедура, лицата треба да бидат обучени и сертифицирани за користење на методите за хумано заловување. Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни се опремени со соодветна униформа и средства за лична хигиена, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамка и мрежа за заловување, пушка (сафари) за привремено успивање со средство за времена парализа успивање, корпи – кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

**3.3 Стационар и медицински третман**

Секое заловено животно се носи во центар за третирање на бездомни кучиња, каде треба да подлежи на клинички преглед, хирушки зафат – стерилизација/ кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити. Неопходно е и секое животно да биде евидентирано / регистрирано во дата база на податоци, како и обележано (со ушна маркица чипирање или пластифициран колан) на начин на кој нема да му претставува болка или траума.

**4. Едукација и подигнување на јавната свест кај населението**

Подигнување на јавната свест е клучна за справување со проблемот на кучињата скитници. Општината е должна да обезбеди комуникација со граѓаните преку разни форми на едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомните кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучињата.

**5. Обем на активности**

Се предвидува интензитетот на заловување на бездомните кучиња во Општина Битола да биде околу 8 кучиња месечно (100 годишно), согласно капацитетите на Операторот избран на Јавна набавка до изградба на прифатилиштето.

**6. Изведувач на програмата**

Годишната програма ќе ја реализира Општина Битола во соработка со Операторот избран на Јавна набавка до изградба на прифатилиштето, кој ги исполнува условите за изведување на активностите согласно закон.

**7.Финансирање на програмата**

Предвидените средства ќе се користат за реализација на Програмата до изградба на прифатен центар - стационар.

Цените за ветеринарниот третман предвидени со оваа Програма се дефинираат од најповолен понудувач, избран со јавна набавка.

Предвидени средства: 400 000 денари.

**8. Реализација на програмата**

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на годината која изминала.

**9. Завршни одредби**

Програмата влегува во сила наредниот ден по објавување во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-82/28 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.04.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за изменување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола во 2022 година

Се објавува Програмата за изменување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола во 2022 година, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 29.04.2022 година.

Бр. 08-476/27 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.05.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22, став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.05/02), член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ’’ бр.32/20) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.04.2022 година, донесе:

## П Р О Г Р А М А
## за изменување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола во 2022 година

Во Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Битола во 2022 година се врши изменување и тоа:

**Во точка 1. Изменување и дополнување на ГУП дел 1.1. Изменување и дополнување на ГУП на град Битола за приближно 200 ха во границита на:**

Се бришат блоковите

– Четврт Север 07 - Блок С 07.01, Блок С 07.02, Блок С 07.03,

– Четврт Север 08 - Блок С 08.01, Блок С 08.04 и Блок С 08.05

Другите одредби кои што се во склоп на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Битола во 2022 останувaат исти.

Програмата влегува во сила наредниот ден по објавување во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-82/29 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.04.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Здружение на граѓани РОТАРИ КЛУБ БИТОЛА - ПЕЛИСТЕР да го користи името Битола во називот на здружението

Се објавува Решението за давање согласност на Здружение на граѓани РОТАРКИ КЛУБ БИТОЛА - ПЕЛИСТЕР да го користи името Битола во називот на здружението, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 29.04.2022 година.

Бр. 08-476/28 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.05.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа член 9, став 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 52/10.....55/16), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.04.2022 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Здружение на граѓани РОТАРИ КЛУБ БИТОЛА - ПЕЛИСТЕР да го користи името Битола во називот на здружението

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Здружение на граѓани РОТАРКИ КЛУБ БИТОЛА – ПЕЛИСТЕР да го користи името Битола во називот на здружението.

2. Решението влегува во сила наредниот ден по објавување во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-82/30 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.04.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци

Се објавува Решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 29.04.2022 година.

Бр. 08-476/29 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.05.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ" бр.79/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.04.2022 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци

1. За членови на заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци од Општина Битола се именуваат:

– Кире Ѓоргиевски, дипл.правник
– Снежана Петровска, дипл.педагог

2. Решението влегува во сила наредниот ден по објавување во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.09-82/31 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.04.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување на член во Комисија за статут и прописи при Советот на Општината Битола

Се објавува Решението за разрешување и именување член во Комисија за статут и прописи при Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 29.04.2022 година.

Бр. 08-476/30 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.05.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 32 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.04.2022 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување на член во Комисија за статут и прописи при Советот на Општината Битола

1. Се разрешува членот во Комисија статут и прописи при Советот на Општината Битола – Валентин Груевски, а се именува – Анастасија Трајковска.

2. Решението влегува во сила наредниот ден по објавување во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-82/32 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.04.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување на член во Комисија за вршење надзор на материјално финансиското работење при Советот на Општината Битола

Се објавува Решението за разрешување и именување член во Комисија за вршење надзор на материјално финансиското работење при Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 29.04.2022 година.

Бр. 08-476/31 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.05.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 32 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.04.2022 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување на член во Комисија за вршење надзор на материјално финансиското работење при Советот на Општината Битола

1. Се разрешува членот во Комисија за вршење надзор на материјално финансиското работење при Советот на Општината Битола – Валентин Груевски, а се именува – Анастасија Трајковска.

2. Решението влегува во сила наредниот ден по објавување во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-82/33 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.04.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување на член во Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите при Советот на Општината Битола

Се објавува Решението за разрешување и именување член во Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите при Советот на Општината Битола при Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 29.04.2022 година.

Бр. 08-476/32 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.05.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 32 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.04.2022 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување на член во Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите при Советот на Општината Битола

1. Се разрешува членот во Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите при Советот на Општината Битола – Методија Илиевски, а се именува – Борче Корлевски.

2. Решението влегува во сила наредниот ден по објавување во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-82/34 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.04.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Иницијатива за поднесување на Барање на информација до Централен Регистар на Република Македонија и Министерство за правда на Република Македонија, во врска со отворањето на бугарскиот клуб Ванчо Михајлов

Се објавува Иницијатива за поднесување на Барање на информација до Централен Регистар на Република Македонија и Министерство за правда на Република Македонија, во врска со отворањето на бугарскиот клуб Ванчо Михајлов, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 29.04.2022 година.

Бр. 08-476/33 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.05.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.04.2022 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Иницијатива за поднесување на Барање на информација до Централен Регистар на Република Македонија и Министерство за правда на Република Македонија, во врска со отворањето на бугарскиот клуб Ванчо Михајлов

1. СЕ УСВОЈУВА Иницијатива за поднесување на Барање на информација до Централен Регистар на Република Македонија и Министерство за правда на Република Македонија, во врска со отворањето на бугарскиот клуб Ванчо Михајлов.

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден по објавување во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-82/35 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.04.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за кофинансирање на проект за Приклучување на колекторски систем за отпадни води и пречистителна станица во Национален парк Пелистер

Се објавува Одлуката за кофинансирање на проект за Приклучување на колекторски систем за отпадни води и пречистителна станица во Национален парк Пелистер, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 29.04.2022 година.

Бр. 08-476/34 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.05.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа член 11 став 4, член 22 став 4 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ''бр.05/02) член 16 и 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола''бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.04.2022 година донесе

## О Д Л У К А
## за кофинансирање на проект за Приклучување на колекторски систем за отпадни води и пречистителна станица во Национален парк Пелистер

### Член 1

Со оваа одлука се одобрува кофинансирање за проект за Приклучување на колекторски систем за отпадни води и пречистителна станица во Национален парк Пелистер во висина од 7.705.673,00 денари. Вкупната вредност на проектот е 14.705.673,00 денари. Остатокот од средствата во висина од 7.000.000,00 денари ќе бидат обезбедени преку Биро за регионален разој, согласно програмата за Изградба на инфраструктура за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-82/36
29.04.2022 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Одделение за спроведување на урбанистички планови**

УП1. бр.30-155/2021 од 17.02.2022 год.

Градоначалникот на Општина Битола, решавајќи по барањето со УП 1 бр. 30-155/2021 од 23.06.2021 год. од инвеститорот **ЈП „СТРЕЖЕВО" Битола**, ул. „Булевар 1-ви Мај" бр. 77 во Битола, за одобрување на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 1 (фотонапонска централа) со јачина до 1mw во локална урбанистичка планска документација со намена Е2-комунална супраструктура, на КП 954 КО Црновец, Општина Битола,** врз основа на член 62 а во врска со член 52, 53, 58, 59, 60 и 61 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М." бр 32/20), по претходно добиено позитивно мислење од комисијата за урбанизам со бр.08-136/5 од 09.02.2022 год., ја издава следната:

# ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

На инвеститорот **ЈП „СТРЕЖЕВО" Битола,** ул. „Булевар 1-ви Мај" бр. 77 во Битола, му се одобрува **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 1 (фотонапонска централа) со јачина до 1mw во локална урбанистичка планска документација со намена Е2-комунална супраструктура, на КП 954 КО Црновец, Општина Битола.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Инвеститорот **ЈП „СТРЕЖЕВО" Битола,** ул. „Булевар 1-ви Мај" бр. 77 во Битола, поднесе барање со УП 1 бр.30-155/2021 од 23.06.2021 год. за одобрување на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 1 (фотонапонска централа) со јачина до 1mw во локална урбанистичка планска документација со намена Е2-комунална супраструктура, на КП 954 КО Црновец, Општина Битола**.

Кон барањето, Инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

1. **Урбанистички проект,** со тех.бр. 177/21 од Октомври 2021 изработен од страна на *Друштво за проектирање, инжињеринг, консалтинг „СТУДИО ЏОН И ЏОНИ" ДОО Прилеп Подружница Скопје.*
2. **Извод од урбанистички план/ урбанистичко планска документација,** бр. 30-133 од 29.01.2021 год ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена Е-2 комунална супраструктура (фотонапонска централа) со јачина до 1mw на КП 954 КО Црновец, Општина Битола**.**
3. **Стручна ревизија,** тех. бр. 03-220/21 од Октомври 2021 год. изработен од Друштво за планирање, проектирање и инженеринг дооел „НИМАЕР" -СТРУГА д.е. СКОПЈЕ
4. **Идеен проект,** тех. бр. 259/21 од Октомври 2021 год. изработен од Друштво за проектирање, инжињеринг, консалтинг „СТУДИО ЏОН И ЏОНИ" ДОО Прилеп Подружница Скопје.
5. **Елаборат за нумерички податоци (Ажурирана геодетска подлога),** бр. 0801-231/3-2021 од 15.06.2021 год. изработен од Друштво за геодетски работи, проектирање, инжинеринг и консалтинг ГЕОМАТИКА ДОО увоз-извоз Скопје.
6. **Полномошно од инвеститор,** бр. УЗП 4184/2021 во Битола 26.05.2021 год. од ЈП „СТРЕЖЕВО" Битола.
7. **Проектна програма,** бр. 05-255/5 од 13.10.2021 год. од инвеститор ЈП „СТРЕЖЕВО" Битола.

8. **Податоци, информации и мислења:**
   - бр. 12-8/2021-139 од 27.05.2021 год. издадени од Агенција за цивилно воздухопловство;
   - бр. 1404-1666/2 од 03.06.2021 год. издадено од Агенција за електронски комуникации;
   - бр. 35842 од 02.06.2021 год. издадено од Македонски Телеком АД – Скопје;
   - бр. 09-128/2 од 26.05.2021 год. издадено од Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение Битола;
   - Позитивно мислење бр. 09-124/2 од Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение Крушево;
   - бр. 10-55/7-238 од 26.05.2021 год. издадено од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје;
   - бр. 10-5436/2 од 01.06.2021 год. издадено од Јавно претпријатие за државни патишта;
   - бр. 11-3208/1 од 31.05.2021 год. издадено од МЕПСО;
   - Податоци и информации бб. А1 Македонија ДООЕЛ Скопје;
   - бр. 08-474/1 од 02.06.2021 год. издадено од КЛП НИСКОГРАДБА Битола;
   - бр. 08-5/49 од 31.05.2021 год. издадено од ЈП Водовод Битола;
   - бр. 0308.678/2 од 01.06.2021 год. издадено од „ГА-МА“ АД Скопје;
   - Изјава бр. 05-255/6 од 13.10.2021 год. од ЈП „СТРЕЖЕВО“ Битола.
9. **Потврда за извршена уплата на административна такса,** доказ за уплата на административна такса од 1500 ден., уплатени на ден 16.02.2022 год. од ЈП „Стрежево“ Битола (доставен по електронска пошта на ден 17.02.2022 год.)

Одобрениот урбанистички проект ќе се достави преку информацискиот систем е-урбанизам до Агенцијата за катастар на недвижности за дигитално преклопување.
Одобрениот урбанистички проект може да се применува по објавувањето на веб страната на Општина Битола и објавување во Службен гласник на Општина Битола.

Изработил, постапката ја водел:

Христијан Атанасовски, д.и.а.

Одобрил раководител на
Одделение за спроведување на
урбанистички планови

Весна Јурак, д.и.а.

**Градоначалник на**
**Општина Битола**

**Тони Коњановски**

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**
Одделение за спроведување на урбанистички планови
**УП1 бр. 30-220/2021 од 17.03.2022г.**

Градоначалникот на Општина Битола, решавајќи по барањето со УП1 бр.30-202/2021 од 25.08.2021 год. од инвеститорот **БЕКОМ ИНВЕСТ ДОО Битола**, ул. „Климент Охридски" бр. 21 во Битола, за одобрување на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за изградба на објект за комерцијални и деловни намени на ГП 5.1 (КП 1637/1, 1637/6, 1637/7, 1637/8, 19292/3, 19293/2, 19293/4, 19293/5, 19293/6, 1638/3, КО Битола 4), од ДУП за населба Ушици Блок 5, Битола** – Општина Битола, врз основа на член 62 а во врска со член 52, 53, 58, 59, 60 и 61 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М." бр 32/20), по претходно добиено позитивно мислење од комисијата за урбанизам со бр.08-213/7 од 16.03.2022 год., ја издава следната:

**ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ**

На инвеститорот **БЕКОМ ИНВЕСТ ДОО Битола**, ул. „Климент Охридски" бр. 21 во Битола, му се одобрува **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за изградба на објект за комерцијални и деловни намени на ГП 5.1 (КП 1637/1, 1637/6, 1637/7, 1637/8, 19292/3, 19293/2, 19293/4, 19293/5, 19293/6, 1638/3, КО Битола 4), од ДУП за населба Ушици Блок 5, Битола.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Инвеститорот **БЕКОМ ИНВЕСТ ДОО Битола**, ул. „Климент Охридски" бр. 21 во Битола, поднесе барање со УП1 бр.30-220/2021 од 25.08.2021 год. за одобрување на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за изградба на објект за комерцијални и деловни намени на ГП 5.1 (КП 1637/1, 1637/6, 1637/7, 1637/8, 19292/3, 19293/2, 19293/4, 19293/5, 19293/6, 1638/3, КО Битола 4), од ДУП за населба Ушици Блок 5, Битола.**

Кон барањето, Инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

- **Урбанистички проект:** тех. бр. 11-11/16 од 06.2021 год. изработен од ДППТУ ФОРМИ ДООЕЛ Битола, лиценца за изработување на урбанистички планови бр.0106 со важност до 13.02.2026 год.
- **Идеен проект (анекс на УП):** тех. бр. 08-08/16 од 06.2021 год. изработен од ДПТУ ФОРМИ ДООЕЛ Битола, лиценца А за проектирање на градби од прва категорија бр.П.022/А со важност до 10.03.2023 год.
- **Извод од урбанистички план/урбанистичко планска документација:** бр.30-1154 од 15.06.2021 год. ДУП за населба „Ушици Блок 5" – Битола.
- **Стручна ревизија:** бр. 0901-566/21 од Март 2022 год. изработена од ДТУ БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, лиценца за ревизија на урбанистички планови бр.10 со важност до 26.08.2023год.
- **Геодетски елаборат за геодетски работи и посебни намени (за ажурирана геодетска подлога):** Дел.бр. 08-261/4 од 23.06.2021 год. изработен од ГЕО БАЛКАН ДООЕЛ Битола
- **Геодетски елаборат за геодетски работи и посебни намени (за нумерички податоци за реализација на урбанистички планови и урбанистичко-планска документација во постапките за формирање на градежна парцела ГП 5.1.):** Дел.бр. 08-18/9 од 27.01.2022 год. изработен од ГЕО БАЛКАН ДООЕЛ Битола
- **Полномошно од инвеститор:** бр. 03-90 од 04.08.2021 год. од БЕКОМ ИНВЕСТ ДОО Битола, бр. УЗП 3769/2021.
- **Проектна програма:** инвеститор БЕКОМ ИНВЕСТ ДОО Битола.

- **Податоци, информации и мислења:**
  -бр.10-55/7-277 од 06.06.2021 год. издадено од Електро-дистрибуција ДООЕЛ Скопје;
  -бр.11-3517/1 од 14.06.2021 год. издадено од МЕПСО АД Скопје;
  -бр.08-595/1 од 06.07.2021 год. КЈП НИСКОГРАДБА Битола;
  -бр.08-5/60 од 21.06.2021 год. издадено од ЈП Водовод Битола;
  -бр.09-42/87 од 07.06.2021 год., издадено од ЈП Стрежево Битола;
  -бр.1404-1818/2 од 17.06.2021 год. издадено од АЕК;
  -бр. / , податоци и информации А1 Македонија ДООЕЛ Скопје;
  -бр.08-363/2 од 29.07.2021 год. НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола;
  -бр.08-1623/2 од 03.08.2021 год. Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство;
  -бр. / , позитивно мислење издадено од А1 Македонија ДООЕЛ Скопје;
  -бр.09-177/2 од 22.07.2021 год. позитивно мислење изедено од Дирекција за заштита и спасување;
  -бр.37209 од 23.07.2021 год. позитивно мислење Македонски телеком АД Скопје;
  -бр.1404-2141/2 од 11.08.2021 год. позитивно мислење издадено од АЕК;
  -бр.10-55/6-232 од 28.07.2021 год. позитивно мислење издадено од Електро-дистрибуција ДООЕЛ Скопје;
  -бр.08-5/76 од 27.07.2021 год. позитивно мислење издадено од ЈП Водовод Битола;
  -бр.08-703/1 од 06.08.2021 год. мислење издадено од КЈП Нискоградба Битола;
- **Потврда за извршена уплата на административна такса:** од 1500 ден. на ден 11.03.2022 год

Одобрениот урбанистички проект ќе се достави преку информацискиот систем е-урбанизам до Агенцијата за катастар на недвижности за дигитално преклопување.
Одобрениот урбанистички проект може да се применува по објавувањето на веб страната на Општина Битола и објавување во Службен гласник на Општина Битола.

Изработил, постапката ја водел:

Христијан Атанасовски, д.и.а.

По овластување од Градоначалник
бр.04-40/3 од 24.02.2022 год.
Контролирал:

Љубица Мигуловска, д.и.а.

Одобрил Раководител на
Сектор:

М-р Тони Јовановски, дипл.град.инж.

**Градоначалник на**
**Општина Битола**

**Тони Коњановски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за спроведување на урбанистички планови

**УП 1 бр. 30-220/2021 од 07.04.2022г.**

Градоначалникот на Општина Битола, решавајќи врз основа на чл. 97 став (1) од Законот за општа управна постапка („Сл. весник на Република Македонија" бр.124/15 и 65/18), по службена должност го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

**за исправање на очигледни технички грешки во управен акт**

Потврда за одобрување на урбанистички проект, УП 1 бр. 30-220/2022 од 17.03.2022 година, во делот на уводот, диспозитивот и образложението се менуваат и гласат:

Градоначалникот на Општина Битола, решавајќи по барањето со УП1 бр.30-220/2021 од 25.08.2021 год. од инвеститорот **БЕКОМ ИНВЕСТ ДОО Битола**, ул. „Климент Охридски" бр. 21 во Битола, за одобрување на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште со кој се врши урбанистичко и архитектонско обликување на една комплексна градба со класа на намена Б2 - згради за трговија на ГП 5.1 (КП 1637/1, 1637/6, 1637/7, 1637/8, 19292/3, 19293/2, 19293/4, 19293/5, 19293/6, 1638/3, КО Битола 4), од ДУП за населба Ушици Блок 5 – Битола** – Општина Битола.

Останатите одредби од Потврдата за одобрување на урбанистички проект УП 1 бр. 30-220/21 од 17.03.2022 година, остануваат на сила.

Ова Решение претставува составен дел на Потврдата за одобрување на урбанистички проект УП 1 бр. 30-220/21 од 17.03.2022 година.

Ова Решение стапува на сила од денот на донесувањето, а има правно дејство од денот од кој има правно дејство актот на кој се врши исправката.

**Образложение**

Јавниот орган што го издал управниот акт може во секое време да ги исправи грешките во имињата или броевите, пишувањето или сметањето, како и други очигледни неточности во управниот акт или во неговите заверени преписи.

**Врз основа на горе изнесеното, Градоначалникот на Општина Битола одлучи како во диспозитивот на ова Решение.**

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение за исправка на очигледни технички грешки во управен акт може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот. Изјавената жалба да се достави во електронска форма во системот „Е-урбанизам".

Жалбата се таксира со 250,- ден. административни такси.

Изработил, постапката ја водел:

Христијан Атанасовски, д.и.а.

По овластување од Градоначалник бр.04-40/3 од 24.02.2022 год. Контролирал:

Љубица Мигуловска, д.и.а.

Одобрил Раководител на Сектор:

М-р Тони Јовановски, дипл.град.инж.

**Градоначалник на Општина Битола**

**Тони Коњановски**

# С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за констатирање престанок на мандатот на Валентин Груевски член на Советот на Општината Битола ............................. 1

Р Е Ш Е Н И Е за избор на претседател и членови на Верификационата комисија ............... 2

О Д Л У К А за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Битола ............... 2

Измена и дополнување на Буџетот на Општина Битола за 2022 година........................... 3

О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2022 година.......................... 61

О Д Л У К А за ништење на електронска опрема.................................................................... 62

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци.................................. 67

О Д Л У К А за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци ............................................................... 67

О Д Л У К А за кофинансирање на проект за реконструкција на коловоз на главен уличен крак во с. Логоварди, општина Битола............... 68

О Д Л У К А за прифаќање на донација од ЕКО-МАР ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола...... 68

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за укинување на Одлуката за цените во реонскиот пазар Бр.02-120/7 од 12.05.2014 година и дополнувањата на Одлуката ................ 69

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за утврдување на Ценовник за наплата на надоместок за користење на услугите во Градскиот реонски пазар................. 69

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за поднесување на Барање за донесување Одлука на Совет на Општина Битола за склучување на Договори на Општина Битола со КЈП Нискоградба Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за изведување на градежни работи за рушење на постоечки објекти со примена на Член 24 од ЗЈН ................................. 70

О Д Л У К А за склучување договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ – Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за изведување на градежни работи за рушење на постоечки објекти со примена на член 24 од ЗЈН ........................................................................ 71

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за поднесување на Барање за донесување Одлука на Советот на Општина Битола за склучување на Договори на Општина Битола со КЈП Нискоградба Битола за реализација на Програмата на Општина Битола за изведување на градежни работи за санација на ударни дупки и прекопи со термо пластичен материјал во топла постапка со примена на Член 24 од ЗЈН................................. 72

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за склучување договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ – Битола за реализација на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за изведување на градежни работи за санација на ударни дупки и прекопи со термо пластичен материјал во топла постапка со примена на член 24 од ЗЈН ............ 72

О Д Л У К А за склучување договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ – Битола за реализација на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за изведување на градежни работи за санација на ударни дупки и прекопи со термо пластичен материјал во топла постапка со примена на член 24 од ЗЈН ..................................................... 72

П Р О Г Р А М А за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола во 2022 година...................................................... 76

ПРОГРАМА за измени на Програма за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2022-2024 година ........................... 80

О Д Л У К А за десетта измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Битола.................................................. 89

ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за економски развој на Општина Битола за 2022 година ......................................... 90

П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Општината Битола за 2022 година.......................................................... 91

П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за социјална заштита во Општина Битола за 2022 година .......... 93

П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за култура за 2022 година .......... 96

П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за животната средина за 2022 година .......... 97

П Р О Г Р А М А за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на Општина Битола .......... 98

П Р О Г Р А М А за изменување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола во 2022 година .......... 101

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Здружение на граѓани РОТАРИ КЛУБ БИТОЛА - ПЕЛИСТЕР да го користи името Битола во називот на здружението .......... 101

Р Е Ш Е Н И Е за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци .......... 102

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член во Комисија за статут и прописи при Советот на Општината Битола .......... 102

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член во Комисија за вршење надзор на материјално финансиското работење при Советот на Општината Битола .......... 103

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член во Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите при Советот на Општината Битола .......... 103

З А К Л У Ч О К за усвојување на Иницијатива за поднесување на Барање на информација до Централен Регистар на Република Македонија и Министерство за правда на Република Македонија, во врска со отворањето на бугарскиот клуб Ванчо Михајлов .......... 104

О Д Л У К А за кофинансирање на проект за Приклучување на колекторски систем за отпадни води и пречистителна станица во Национален парк Пелистер .......... 105

Потврда за одобрување на урбанистички проект .......... 106

Потврда за одобрување на урбанистички проект .......... 108

Р Е Ш Е Н И Е за исправање на очигледни технички грешки во управен акт .......... 110

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211